Бр: 10-54
Скопје: 11.05.2020

Врз основа на член 10 и член 15 став (3) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија,, бр. 145/10), а постапувајќи по Известувањето за планирано доделување на помош бр. 10-54 од 06.05.2020 година, поднесено од Агенцијата за млади и спорт, согласно Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на спортисти, стручни лица од областа на спортот и спортска администрација за време на вонредна состојба, усвоена на седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 04.04.2019 година и Уредбата со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на спортисти, стручни лица од областа на спортот и спортска администрација за време на вонредна состојба, усвоена на седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 07.04.2019 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 11.05.2020 година го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Комисијата за заштита на конкуренцијата при испитување на Известувањето за планирано доделување на помош бр. 08-929/1 (наш бр. 10-54) од 06.05.2020 година, поднесено од страна на Агенцијата за млади и спорт како давател на државната помош, утврди дека:

Мерката 2 од вториот сет економски мерки на Владата за справување со КОВИД – 19 кризата под наслов **Помош за спортистите** претставува државна помош во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош **и доделувањето на истата е дозволено како помош за отстранување на потешкотиите во домашното стопанство** согласно член 8 став (2) точка б) од Законот за контрола на државната помош.

## Образложение

Согласно член 10 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија,, бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата е надлежна за оцена и надзор на секој облик

на поддршка, односно дали истата претставува или не претставува државна помош во смисла на Законот за контрола на државната помош.

Секој давател на државната помош (дефиниран во член 6 став (1) од Законот за контрола на државната помош) е должен, според член 13 став (1) од Законот за контрола на државната помош, до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави известување за секој план за доделување на нова или промена на постојната државна помош, без оглед дали истата се доделува како индивидуална помош или како шема на помош.

Постапувајќи во согласност со обврската за известување, Агенцијата за млади и спорт, како давател на државна помош до Комисијата за заштита на конкуренцијата достави Известување за планирано доделување на помош за втората мерка – Помош за спортистите од вториот сет економски мерки на Владата за справување со КОВИД – 19 кризата бр. 10-54 од 06.05.2020 година.

Комисијата за заштита на конкуренцијата утврди дека Известувањето е уредно и ги содржи сите податоци предвидени во член 14 став (1) од Законот за контрола на државната помош, како и тоа дека Известувањето е во согласност со Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 142/11) и како ден на прием на уредно известување се смета 06.05.2020 година.

Комисијата за заштита на конкуренцијата во законски предвидениот рок го испита доставеното Известување за планирано доделување на државна помош согласно втората мерка – Помош за уметниците од вториот сет економски мерки на Владата за справување со КОВИД – 19 кризата и ја утврди следната фактичка состојба:

- **Давател на државна помош е:** Агенцијата за млади спорт;
- **Корисник на државната помош е:** Шема на помош – спортисти, стручни лица од областа на спортот и спортска администрација за време на вонредна состојба предизвикана од КОВИД – 19 кризата;
- **Правен основ за доделување на државната помош** претставува правниот акт врз основа на која се доделува помошта – Уредба со законска сила за финансиска поддршка за спортисти, стручни лица од областа на спортот и спортска администрација за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 90/20 од 04.04.2020 година) и Уредба со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за финансиска поддршка за спортисти, стручни лица од областа на спортот и спортска администрација за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 94/20 од 07.04.2020 година) .

За да се утврди дали една мерка преземена од страна на давателот на државната помош претставува државна помош, се оценува дали се исполнети на кумулативен начин четирите следни критериуми:

- Таквата мерка да опфаќа трансфер на државни средства;
- Да биде селективна;
- Да претставува економска поволност за примателот и
- Да има влијание врз конкуренцијата и трговијата

Со Уредбата со законска сила за финансиска поддршка за спортисти, стручни лица од областа на спортот и спортска администрација за време на вонредна состојба предвидено е доделување на финансиска поддршка на спортисти, стручни лица од областа на спортот и спортска администрација за месеците април и мај 2020 година во месечен износ од 14.500 денари. Планираниот вкупен буџет на шемата изнесува 30.000.000 денари (487.805 евра).

Притоа, корисник на финансиска поддршка согласно оваа Уредба може да биде спортист, стручно лице од областа на спортот и спортска администрација кое:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- вработено е на неопределено или определено време или ангажирано со договор на дело, авторски договор или друг договор во спортски клубови и национални спортски федерации, кои имаат решение за вршење дејност спорт во натпреварувачката 2019/2020 година, од 1 септември 2019 година,
- за декември 2019 година и јануари и февруари 2020 година не остварило нето плата и/или надоместок врз основа на договор за работа во спортски клубови и национални спортски федерации повисок од 39.900 денари за секој месец одделно и
- не е вработено или ангажирано со договор за работа во друг правен субјект во април и мај 2020 година според евиденцијата на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

Оттука, при испитување на доставеното известување, Комисијата за заштита на конкуренцијата утврди дека мерката **Помош за спортистите** претставува државна помош затоа што ги исполнува сите четири критериуми.

При анализата, Комисијата за заштита на конкуренцијата утврди дека мерката претставува државна помош во смисла на член 8 став (2) точка б) од Законот за контрола на државната помош, бидејќи се работи за помош наменета за отстранување на потешкотиите настанати со вонредната состојба предизвикана од КОВИД – 19 кризата.

Заради горенаведеното, Комисијата за заштита на конкуренцијата одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Согласно член 26 став (3) од Законот за контрола на државната помош тужбата не го одлага извршувањето на решението, освен во случај кога Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе наложи враќање на незаконската или злоупотребената државна помош чие доделување не е дозволено.

**Правна поука**: Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**